# 1 КУПУВАЊЕ



Здраво Верче, каде одиш?
Во пекарницата. Треба да купам леб за вечера. Сакаш ли да дојдеш со мене?
Добро, ќе ти правам друштво.
Колку многу играчки! Би сакала сите да се мои.
Види ја онаа игра! Со компјутер е.
Ммм... не сум видела таква до сега.
Мајка ми ќе ми ја купи за роденден.
Прекрасно.
Види ги оние кученца! Нели се слатки?
Да. Леле колку кукли!
Јами - јам, какви колачи!
Мене ми се допаѓа онаа торта.
Јас најмногу сакам еклери.
А јас торта со чоколаден крем.


ICE CREA
Сладолед од јагоди! Мојот омилен.
Соња, каков сладолед сакаш ти?
Од банани.
Еден сладолед од јагоди и еден од банани, ве молам.
Еден долар.
Благодарам. Повелете.
Повели.
Долар и десет центи.
Тоа не е убаво.
Еден леб ве молам.
Леле! Јас имам само еден долар. За другиот си купивме сладолед.
Што ќе правам сега? Дома чекаат леб за вечера.
Добро, ќе ти дадам сега леб. Утре ќе ми донесеш 10 центи. Но, за другпат да внимаваш!
Ви благодарам многу. Утре нема да си купиме сладолед на училиште.
Добро, добро. А сега побрзајте дома.

I а) Пред кои од овие продавници застанаа Верче и Соња? Ставете √:

☐ МЕСАРНИЦА ☐ КНИЖАРНИЦА ☐ АВТОМАТ ЗА СЛАДОЛЕД

☐ СЛАТКАРНИЦА ☐ САМОПОСЛУГА ☐ ПРОДАВНИЦА ЗА ИГРАЧКИ

б) Одговорете со ДА или НЕ:

1. Верче отиде да купува колачи. ------------------------------------------------
2. Соња одеше на училиште. ------------------------------------------------
3. Соња и Верче не ги интересираат играчки. ---------------------------
4. Соња најмногу сака пита со јаболка. ---------------------------------
5. Тие си купија по едно парче торта. ----------------------------------
6. Потоа немаа доволно пари за леб. ------------------------------------
7. Верче отиде дома без леб. ------------------------------------------------

II Наредете ги речениците по хронолошки ред и препишете ги во тетратката:

☐ Тие застанаа пред една продавница за играчки.

☐ Верче сфати дека требаше добро да размисли пред да купи сладолед.

☐ До слаткарницата имаше автомат за сладолед и Верче купи еден сладолед од јагоди и еден од банани.

1 Верче је испратија да купи леб за вечера.

☐ Потоа ги гледаа слатките во слаткарницата.

☐ Соња отиде со неа да и прави друштво.

☐ Кога сакаа да купат леб видоа дека немаат доволно пари за леб.

III Каква грешка направи Верче?

Дали вие некогаш сте направиле грешка?

Напишете состав:

"ЈАС НАПРАВИВ ГРЕШКА"



## IV Што има во фрижидерот?




**а) Овие работи ги има во фрижидерот. Напишете го бројот покрај секој продукт:**

| | | | |
|---|---|---|---|
| ☐ МЛЕКО | ☐ КИСЕЛА ПАВЛАКА | ☐ КОКОШКА | ☐ СОК |
| ☐ ПУТЕР | ☐ ОВОШЕН ЈОГУРТ | ☐ СИРЕЊЕ | ☐ ВИНО |
| ☐ ЈАЈЦА | ☐ КОКА-КОЛА | ☐ МАЈОНЕЗ | ☐ ПЧЕНКА |
| ☐ ЗЕЛКА | ☐ КИСЕЛИ КРАСТАВЦИ | ☐ ЛУБЕНИЦА | ☐ ЛЕБ |
| ☐ ГРОЗЈЕ | ☐ ДОМАТИ | ☐ ЈАГОДИ | |

б) Кои од продуктите што се во фрижидерот спаѓаат во овие категории? Напишете ги во редовите под нив:



ОВОШЈЕ



ЗЕЛЕНЧУК




МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ



ПИЈАЛОЦИ

в) Напишете подолу кои продукти се во:

ТЕГЛА 

ШИШЕ 

КОНЗЕРВА 

ТЕТРАПАК 

КЕСА 

ПАКЕТЧЕ 

г) Дополнете ги речениците со овие зборови:

ТЕГЛИ КОНЗЕРВИ КИЛОГРАМ ШИШЕ ПАКЕТЧЕ ВРЕЌА ПАРЧЕ

1. Гоце купи едно - - - - - - - - - - сок од јаболка.
2. Ве молам, дајте ми едно - - - - - - - - - - бонбони.
3. Оди во продавницата и купи шест - - - - - - - - - - кока-кола.
4. Татко ми купи една цела - - - - - - - - - - со компири.
5. Дајте ми едно - - - - - - - - - - од тортата, ве молам.
6. Во продавницата има многу - - - - - - - - - - со ајвар.

**V а) Ставете ЕДЕН ЕДНА ЕДНО каде што треба:**

............ зелка 

............ домат 

............ шише 

......... кокошка 

............ леб 

........... парче 

.......... млеко 

........... јогурт 

........... кило 

........... јагода 

........... тегла 

............ сок 

**б) Напишете ја множината од дадените именки:**



леб



лебови



јагода



јагоди



јаболко



јаболка



домат



домати



чинија



чинии



шише



шишиња

кокошка - ..........

сок - ...............

парче - ............

компир - ..........

џеб - ..............

тегла - ............

лубеница - ..........

сладолед - .........

јајце ..............

**в) Најдете кои зборови се кријат во овие измешани букви. Со нив ќе го пополните крстозборот:**

АВРЈА .................

ТУЕПР .................

ЈНЗЕМАО ..............

ААЈЈЦ .................

ШООЈВЕ ...............

ОГЈРУТ ...............



## VI ПРОДАВНИЦИ

**Следните продукти напишете ги во продавниците во коишто можете да ги купите:**

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЗЕЛКА | КОЛАЧИ | ЕКЛЕРИ | КИФЛИ | МЕСО | СЛАНИНА |
| JАГОДИ | МЛЕКО | БАНАНИ | СОК | ЛЕБ | КРОФНИ |
| КОЛБАСИ | ПУТЕР | КОКОШКИ | СЛАДОЛЕД | ТОРТА | ПИТА СО JАБОЛКА |



**СЛАТКАРНИЦА**

**ПЕКАРНИЦА**





**МЕСАРНИЦА**

**ПАЗАР**



**САМОПОСЛУГА**



## VII КУПУВАЊЕ

**Дијалозите подолу се водат во продавница. Некои многу важни изрази се испуштени. Напишете ги каде што треба да стојат:**

Колку чинат ........
Повелете.
.......... ве молам.
... благодарам, ...
Пријатно.

Дајте ми .
Извинете,
..... тоа чини .....

Дајте ми ..........
..... повелете......
Се извинувам,
Колку чини .........

**Дијалог 1**

Гоце: Добар ден.

Продавачот: Добар ден. ------------------------------------------------------------!

Гоце: ------------------------------------------------------------

Прод.: Овие се 150 динари килограм, а овие 200 дин.Тие се многу убави, сочни јаболка. Нема ниту една расипана. Еве, бирајте?

Гоце: Добро, ќе земам две кила од тие јаболка, едно кило компири и уште две краставци, ------------------------------------------------------------

Прод.: Еве, повелете. Дали сакате уште нешто?

Гоце: Не, ------------------------------------------------------------, тоа е сé.

Прод.: Тоа чини 750 дин.

Гоце: Повелете.

Прод:. Благодарам. ------------------------------------------------------------

******************

**Дијалог 2**

Весна: ------------------------------------------------------------, тазе ли е лебот?

Прод.: Да, белиот е тазе, од утрово.

Весна: ------------------------------------------------------------ еден леб, ве молам, и еден ѓеврек!

Прод.: Повелете, ------------------------------------------------------------ 220 дин.

*****************

**Дијалог 3**

Зоран: ------------------------------------------------------------, дали имате сирење?

Прод.: Да, имаме убаво овчо сирење.

Зоран: Може ли да го пробам?

Прод.: Да, ------------------------------------------------------------

Зоран: Ммм...., многу е убаво. ------------------------------------------------------------ едно кило?

Прод.: 700 дин.

Зоран: ------------------------------------------------------------ две кила, ве молам.

Прод.: Повелете. 1400 дин.

**Следниот час донесете празни кутии од различни видови храна или слики и играјте продавачи и купувачи.**

## VIII РЕЦЕПТ

**Прочитајте го рецептот и одредете по кој ред треба да бидат наредени сликите. Ставете број во крукчето покрај секоја слика:**

### ПАЛАЧИНКИ

Потребни продукти:

1/2 литар млеко
3 цели јајца
5 лажици брашно
малку сол
масло
мармалад

Прво се матат јајцата, па потоа се додава млекото. Кога е тоа добро измешано се додава брашното, една по една лажица и се мати со миксер. Со брашното се додава и малку сол. Кога е масата готова во тавата се става малку зејтин и се загрева добро. Тогаш со кутлача се става од приготвената маса во тавата еден слој и се пржи од едната страна, се превртува и се пржи малку и од другата страна. Готовата палачинка се става во плитка чинија и потоа се става друга во тавата сé додека не се потроши приготвената маса.

Палачинките се мачкаат со мармалад (една по една) и се виткаат во ролни. Се сервираат топли.




1

















**Дали вие знаете да приготвувате некое јадење? Напишете што е потребно и во колкава количина!**